РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
- Г Р А Д О Н А Ч А Л Н И К -
Бр. 0903-90/18
29.11.2022 год.

**Градоначалник на Општина Свети Николе**
тел + 389 32 444 169 факс: + 389 32 440 911
e-mail: info@svetinikole.gov.mk
www.svetinikole.gov.mk

**ДО**
**Граѓанска иницијатива на жени – ГИЖ**
**Плоштад Илинден , бб, Свети Николе**

**ПРЕДМЕТ:** Доставување одговор – информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за доставување на информации од јавен карактер од 25.11.2022, Општина Свети Николе како имател на информацијата ви го доставува одговорот од Одделенијата во Сектор за нормативно-правни работи, администрирање со даноци и комунални такси, локален економски развој и јавни дејности и Сектор за урбанизам, заштита на животна средина, комунални дејности и оттугување на градежно земјиште доставен до службеното лице за пристап до информации од јавен карактер.

Информацијата Ви ја доставуваме во бараната форма (електронски запис) по е-маил.

**ПРИЛОГ**

- Доставување на информации од Одделенијата во Сектор за нормативно-правни работи, администрирање со даноци и комунални такси, локален економски развој и јавни дејности и Сектор за урбанизам, заштита на животна средина, комунални дејности и оттугување на градежно земјиште

**Општина Свети Николе**
/службено лице/

Златко Малинов

**ПРЕДМЕТ: Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

1. Дали во општината има локален младински совет (ЛМС), од колку членови се состои и каква е родовата структура на членовите и на раководството?
- **Во општина Свети Николе има Совет на Млади кој се состои од 5 члена со мандат од две години со право на избор на уште еден мандат. Согласно Одлука за именување на членови на Совет на Млади број 0801-1138 од 30.06.2021 година, донесена од Совет на Општина Свети Николе, Советот на Млади се состои од 3 женски лица и 2 машки лица. За претседател е избрано женско лице.**

2. Дали локалниот младински совет е формиран според Законот за младинско учество и младински политики, или пак, функционира како комисија на советот на општината?
- **Советот на Млади функционира како советодавно тело на општината согласно член 40 од Статут на Општина Свети Николе. Се работи на измена и усогласување со Законот за младинско учество и младински политики и наредниот состав на локалниот младински совет ќе биде формиран согласно овој закон. На актуелниот состав на членовите на Совет на Млади им завршува мандатот во јули 2023 година.**

3. Кои обврски од постојниот Закон за младинско учество и младински политики досега ги исполнила општината?
- **Формиран е локален младински совет**
- **Постои канцеларија за млади**
- **Постои делегиран Службеник за млади**

4. Колку седници одржал локалниот младински совет од неговото формирање заклучно со 31.10.2022?
- **6**

5. Колку проекти има предложено ЛМС во 2022 година?
- **0**

6. Кои точки на дневен ред на советот на општината, кои ги засегаат младите предложил локалниот младински совет во 2022 година?
- **0**

7. Копија од стратегијата на локалниот младински совет и акциони планови за нејзина реализација.
- **Нема стратегија**

8. Колку пари (точно и во проценти од буџетот) општината издвоила за оваа намена во 2022 и колку планира да издвои за 2023 година?
- **2022 – 0, 2023 – 160 000 денари**

9. Дали во Општината има службеник и канцеларија за млади?

- **Да**

10. Дали Општината води родово разделена статистика во процесите на планирање на мерките и на алокација на буџетските средства за поддршка на младите?

- **Не**

11. Вкупен број на учесници (млади лица) во граѓански консултации за потребите на младите во 2021 и 2022 година?

- **(Родово разделена статистика на учесниците според пол, возраст, етничка припадност, попреченост, урбана/рурална средина.)**